Врз основа на член 18 став 3 и 4 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр. 10/2020), член 76-а став 1 и член 7 од Деловникот за работа на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија), Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 16 септември, 2022 година донесе

# ОДЛУКА
## за избор на членови на Локален младински совет на Општина Гевгелија

**Член 1**

За членови во Локален младински совет на Општина Гевгелија се избираат следниве кандидати:

- Кристијан Алчинов – Здружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија;
- Атанас Епов – Атлетски клуб „7 Ноември“- Гевгелија;
- Памела Петровска – Црвен крст на РСМ Општинска организација Гевгелија;
- Георги Петков – УМС на ОК ВМРО-ДПМНЕ Гевгелија и
- Тијана Ристовска – Центар за едукација, култура и активизам „МУЛТУС“- Гевгелија.

**Член 2**

Мандатот на членовите на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија трае 2 (две) години од денот на неговата верификација, со право на уште еден избор.

**Член 3**

Членовите на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија од своите редови ќе изберат претседател и заменик-претседател на нивната прва седница, по верификацијата на нивните мандати.

**Член 4**

Одлуката ќе стане правосилна по верификацијата на мандатот на членовите во Локален младински совет на Општина Гевгелија од страна на Советот на Општина Гевгелија.

бр. 08-1936/1
16.09.2022 година
Гевгелија

Претседавач
на Локалното собрание на млади
на Општина Гевгелија

**Ангела Шаренкова**
с.р.

Верификациона комисија
на Локалното собрание на млади
на Општина Гевгелија

1. **Ѓорѓе Костаќев** с.р.
2. **Андон Ангов** с.р.
3. **Марија Јовановска** с.р.